ФОРМУЛАР ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

I. Информации за организацијата

Контакт лице: Миша Поповиќ

Цело правно име на организацијата или коалицијата: „Слободен софтвер Македонија“

Адреса: ул. Злате Михајловски бр.26 Скопје

Адреса за примање на пошта:
ул. Злате Михајловски бр.26 Скопје

Телефон(и): 389 71 211 439

Број на факс:

E-mail адреса(и): info@slobodensoftver.org.mk

Веб страна: www.slobodensoftver.org.mk

Број на банкарска сметка: 210-0570883401-10

Име на банка: НЛБ Тутунска Банка Скопје

Даночен број: 4030002468663

II. Организациски капацитет и резултати од изминатото работење

1. Мисија на организацијата и резултати од изминатото работење

„Слободен софтвер Македонија“ е непрофитна организација која се занимава со слободен софтвер и слободна култура во Р. Македонија. „Слободен софтвер Македонија“ е посветена на промовирање на слободниот софтвер и култура, создавање на свест како за економскиот така и за социо-етички контекст на слободниот софтвер и развивање на култура на споделување преку слободна размена и меѓусебно користење на плодовите на технолошкиот развој и културата. Организацијата во својата работа се занимава со општи и светски прашања од овие полиња но пред се вклучува и локална перспектива во своите активности.

Во доменот на слободниот софтвер организацијата ја има координирано локализацијата (преведувањето на корисничкиот интерфејс) на поголем број значајни компјутерски програми како Open

Office, производите на Mozilla, Линукс дистрибуции (пр. Убунту) и графички околини за GNU/Linux. Истовремено развиена е и соработка со канцеларијата на UNDP во Скопје на проект за имплементација на слободен софтвер во локалните самоуправи. Организацијата има организирано меѓународна работилница за употреба на слободен софтвер во Владата и образованието на Р.М а има и учествувано во работата на невладиниот сектор за изготвување на стратегија за национален информатички развој.

Во доменот на промоција на културата на споделување, во изминатите 9 месеци ја организираме иницијативата „Сподели". На ФЕИТ го организираме „Сподели знаење" каде студентите имаат прилика да ги разменуваат своите знаења и вештини, меѓусебно си помагаат и учат нешто ново од поранешни студенти. Во културниот центар „Точка" го организираме „Сподели Кино" каде се проектираат филмови кои се занимаваат со пресеците каде се сретнуваат општеството, политиката, технологијата, бизнисот, науката и културата.

2. Искуство со партнерства

Во соработка со „Метаморфозис", нашата организација го координираше преводот и лектурирањето на канцеларискиот пакет Open Office со што корисниците кои зборуваат македонски јазик добија функционален слободен софтвер од оваа област на својот мајчин јазик. Од оваа соработка произлезе и Отворениот диск – колекција на програми преведени на македонски јазик кој го вклучуваше наведениот канцелариски пакет но и Firefox (еден од најпопуларните веб прелистувачи) и Thunderbird (е-поштенски клиент).

Комисијата за информатичка технологија при Владата на Р.М иницираше соработка со „Слободен софтвер Македонија" при што наши експерти учествуваа во изготвувањето на документот кој Комисијата и го достави на Владата како предлог политика на Владата за користење на слободен софтвер и отворени стандарди.

Едукацијата за слободниот софтвер и слободната култура (културата на разменување) сметаме дека е важен дел од промоцијата. Поради тоа членовите на „Слободен софтвер Македонија" имаат земено учество во различни едукативни активности. Оттука, организацијата има развиено соработка со Правниот факултет „Јустинијан Први" од Скопје каде веќе неколку години одржува предавање на овие теми на студиите по новинарство и политичките науки. Ова резултира со подигањето на свеста на студентите за прашањата од технолошка природа кои се побрзо стануваат политички значајни.

Во рамките на нашите активности за промоција на слободниот софтвер во образованието и државните институции имаме остварено соработка со UNDP Скопје во рамките на проектот „Поддршка за иницијативи за е-владеење базирани на слободен софтвер на локално ниво во Република Македонија".

За потребите на UNDP Албанија имаме организирано меѓународна работилница каде ги претставивме македонските искуства од имплементација на слободен софтвер во образованието и владата. Овие искуства се пренесени и служат за понатамошна имплементација на слични проекти во Албанија.

Во соработка со АД Инет, „Слободен софтвер Македонија“ ќе учествува во одбележување на „Денот на слободата на софтверот“ кој ќе се одржи во септември 2007 година. За потребите на настанот, организацијата склучи партнерство за локализација и промоција на линукс дистрибуцијата Федора 7. На располагање ќе имаме професионално дизајнирани и испечатени околу 2 до 5 илјади DVD-а кои ќе ги дистрибуираме до македонската јавност.

3. Човечки ресурси

Во „Слободен софтвер Македонија“ членуваат 10 активисти кои својот труд за потребите на организацијата пред се го остваруваат во форма на волонтерство и повремен хонорарен ангажман. Членството на организацијата содржи стручни лица од областите на информатичката технологија, економијата и политичките науки. Слободен софтвер Македонија функционира како чадор-организација за заедницата на корисници на слободен софтвер и зедницата на поборници за слободна култура која брои повеќе од 200 млади луѓе вработени во водечките македонски ИТ компании, медиумски куќи, дизајн студија, асистенти и студенти на универзитетите и средношколци. Тие со голем ентузијазам го посветуваат своето време и енергија на промовирањето на слободниот софтвер и слободната култура.

Координатор на проектот ќе биде Миша Поповиќ кој ќе има одговорност да ги усогласува сите задачи кои ќе бидат потребни за промоција на „Сподели“ и да ја изготви крајната анализа за успешноста на промоцијата. Воедно, Миша Поповиќ е одговорното лице во организацијата за сите досегашни и идни активности поврзани со „Сподели“.

Претседател на „Слободен софтвер Македонија“ е Новица Наков чија улога е да ја претставува организацијата и ги насочува нејзините активности поврзани со промоцијата на слободниот софтвер и културата на споделување. Во проектот за промоција на „Сподели“ неговата улога ќе биде во изработката на содржината на промотивните активности како и учество во едукативните активности како предавач.

Игор Стаматовски е уредник на ресурсниот центар за отворени формати при „Слободен софтвер Македонија“. Во промоцијата на „Сподели“, Игор Стаматовски ќе учествува како едукатор и уредник на содржинскиот дел од промоцијата.

III. Предлог проект за грантови за промовирање резултати

Ве молиме опишете го Вашиот предлог проект користејќи ја долунаведената рамка. Не надминувајте 5 страни (не вклучувајќи ги

резимето на проектот, описот на содржината на медиумскиот производ и планот за дистрибуција) за Вашите одговори.

1. Резиме на проектот

Поаѓајќи од „Истражување за употреба на интернет и компјутери во Република Македонија“ од април 2007 изработено од USAID[1], во Република Македонија:

- 47% употребуваат компјутер; 32% се Интернет корисници.
- 40% од домовите поседуваат компјутер; 17% од домовите се поврзани со Интернет.
- 52% од постојните Интернет корисници започнале да го користат Интернетот во изминатите 2 години, а најголемиот дел од нив се млади луѓе.

Споредбено со минатогодишните резултати добиени на ист начин користејќи идентични стандарди забележуваме генерален пораст во употребата на Интернет и компјутер во Репубика Македонија. Позитивниот тренд е посебно изразен во употребата на Интернет каде за разлика од минатата година имаме пораст за 5%. Тоа се забележува и во

употребата на компјутер каде во последните 12 месеци настанало зголемување за 4%. Имајќи ги во превид овие податоци се поиразена станува потребата за едукација на граѓаните за предизвиците и опасностите во дигиталната ера од користењето на интернет, компјутер и софтверот кое го овозможува тоа. Размената на датотеки, законот за авторски права и копирањето кое денес е толку лесно, сепак има во себе длабока општествена улога и влијае како на поединецот така и на сите нас заедно, а повлекува и законски процедури, па дури и судски мерки. Проектот за промоција на минатите и тековни активности на проектот „Сподели“ има за цел да ја прошири кампањата употребувајќи дополнителни средства како веб сајт, печатени материјали и едукација на новинари за зголемување на медиумската експонираност.

Во проектот е замислено да се изготви:

- веб сајт кој би бил централно место за добивање информации за активностите на пректот, прашања од областа на слободната култура, авторските права и авторски содржини кои слободно ќе можат да се разменуваат;
- печатени материјали кои ќе понудат информации за направеното и тоа што во моментот се прави со „Сподели“, како и да ги воведат заинтересираните во целните групи со основните идеи кои ги разработува изворниот проект. Покрај изработката на таквите промотивни материјали проектот вклучува и дистрибуција до

1 http://www.mkconnects.org.mk/new/docs/InternetPenetration2007-ReportMACFINAL.pdf

целните групи пропратени со дополнителни активности за промоција.
- Работилница за новинари и студенти по новинарство каде ќе се промовира проектот, идеите за слободна култура.

2. Цел на проектот

Преку промоцијата на резултатите и самиот проект „Сподели“ сакаме да ја рашириме публиката кај сите целни групи. Имајќи во предвид дека самиот проект се базира на „grass root“ работење, сметаме дека основна цел за понатамошно подобрување и успех на проектот, чии резултати сакаме да ги промовираме, е ширење на публиката/учесниците. Тие понатаму, учествувајќи во дебати и споделување на знаење и вештини, би ја донеле целата иницијатива околу „Сподели“ на уште повисоко ниво.

Проектот „Сподели“ се состои од два дела: „Сподели знаење“ и „Сподели кино“. „Сподели знаење“ успеа да „создаде место“ каде студентите на ФЕИТ и други луѓе заинтересирани за технологија ги разменуваа своите вештини, наоѓаа одговори за определени проблеми и ги зголемуваа своите знаења за слободниот софтвер и новите технологии. Во склоп на проектот беа организирани предавања од експерти, но значаен акцент се даваше и на потребата од директно учество на што повеќе од посетителите. Значаен резултат од „Сподели знаење“ е и зајакнување на заедницата на корисници на слободен софтвер, но воедно и нејзино проширување пред се со нови млади луѓе.

Другиот дел од проектот „Сподели кино“ кој се одвиваше во културниот центар „Точка“, со своите проекции во пошироки рамки ја промовираше културата на споделување претставувајќи низа на различни светски проекти, современи дебати кои предизвикаа интерес кај посетителите. „Сподели кино“ покажа алтернативен поглед кон културата, општеството, политиката и технологијата и отвори место за дебата на овие теми кај оние чиј интерес се новите технологии во контекстот на современата култура.

3. Активности на проектот

Со промоцијата на проектот „Сподели“ сакаме да ја истакнеме важноста на културата на споделување и можностите кои отворената и слободна размена на знаење и дела од културата овозможуваат изградба на: стабилни заедници, општество базирано на знаење и богато културно творештво, кои би биле достапни секому. Денес, со толку висок технолошки развој ова е лесно остварливо, но искуството покажува дека токму технологијата се користи за да се ограничат овие придобивки. Промоцијата на „Сподели“ и ставањето на културната мапа на Скопје е важна затоа што се осврнува токму на овие проблеми и дискутира за можните решенија.

Активностите кои ќе се преземат се:
- изработка на веб сајт – систем за управување со содржини

- дизајн на печатени материјали за промоција на „Сподели“;
- печатење на материјали за промоција на „Сподели“;
- печатење на DVD со слободен софтвер
- дистрибуција на материјалите до места каде се остварува директен контакт со целните групи и онлајн промоција на веб сајтот;
- предавање за новинари;
- мерење на успехот на кампањата преку анкетирање на учесниците.

Производот за презентација на резултатите од работењето и тековните активности на „Сподели“ се состои од печатени материјали за промоција; изработка на веб сајт; едукација на новинари.

Производот се состои од брошура и постери кои ќе содржат информации од различен тип. Брошурата ќе содржи подетални информации за изминатите и тековни активности како и вовед во идеите кои стојат позади нив. Постерот ќе содржи кратки пораки кои ќе ги рефлектираат идеите за култура на споделување но ќе нуди и информации за тековните активности.

За веб сајт ќе се имплементира систем за управување на содржини (сус). СУС вклучува модули за блогирање, онлајн соработка, споделување на дигитални содржини и форуми за дискусија кои ќе бидат централно место за работа на заедницата.

Како продукт за промоција предвидена е и презентација пред новинарите (во вид на работилница) за „Сподели“, слободен софтвер и слободна култура, со цел подобрување на медиумската експонираност на организацијата.

Пропратен материјал на брошурите ќе биде и DVD со линукс дистрибуција – дистрибуција на слободен софтвер.

4. Целна група

Проектот се обраќа на две целни групи. Во рамките на активностите поврзани со „Сподели знаење“, целна група се студенти и наставници на технички науки и луѓе кои директно се занимаваат со технологија. Во однос на географијата, целната група е на национално ниво.

Во рамки на „Сподели кино“, целна група се луѓе кои аматерски или професионално се занимаваат или интересираат за новите технологии во контекст на современата култура. Оваа целна група може да опфати широк дијапазон на профили, помеѓу другите и уметници, социолози, комуниколози и новинари. И во овој случај целната група е на национално ниво.

Со цел пошироко медиумско претставување на проектните активности, целна група ќе бидат и новинари за кои ќе се организира предавање /

работилница за активностите на „Сподели“ и воведување во проблематиката на слободниот софтвер и слободната култура.

5. Резултати и влијание

Ширењето на публиката/учесниците преку промоцијата на резултатите од „Сподели“ ќе резултира во проширување на заедниците со кои соработува организацијата. Една од основните цели во промоцијата на слободниот софтвер и слободната култура е имањето на одржливи заедници кои ги поткрепуваат овие концепти, учествувајќи во користење и понатамошно развивање на софтверот или во културното творештво.

Оттука, промоцијата на „Сподели“ директно ги помага основните цели на нашата организација. Истовремено, отвореноста на активностите кои се случуваат на слободно достапни јавни места значи и отвореност кон јавноста. Проширувањето и подобрувањето на самите активности заради подобрата промоција отвора простор за медиумско експонирање кои дотолку повеќе ќе влијаат за подобрување на имиџот на организацијата.

6. Следење и оценување

Следењето и оценувањето на успешноста на производите за промоција на активностите на „Сподели“ ќе се мерат преку анкетирање на учесниците, а податоците што ќе се прибираат ќе бидат:

- Кој е изворот на информација за активностите на „Сподели“; (дали е самиот производ или друг извор)
- Впечаток од производите за промоција;
- Сугестии за подобрување на производот (и отворена можност за директно учество во подобрувањето);
- Впечаток од самите активности;
- Сугестии за подобрување на активностите;

Успешноста на промотивните производи ќе се оценува во зависност од влијанието кое ќе го има во зголемување на публиката/учесниците на активностите на „Сподели“ и степенот на позитивен впечаток кој ќе го имаат во промоција на целите на самиот изворен проект.

Следењето на медиумската експонираност ќе се прави со press-clipping и квантитативна анализа на содржината.

Овие активности ќе бидат обврска на координаторот на проектот за промоција на „Сподели“. Прибирањето на податоците и во двата случаи ќе се одвива во текот на целото времетраење на проектот.

7. Ризици и претпоставки

Една од претпоставките во предлог проектот е дека медиумската присутност на организацијата ќе се зголеми поради работилницата за новинари која ќе се организира во рамките на промоцијата на

резултатите од проектот „Сподели“. Претпоставката е дека со работилница би се обезбедило подетално претставување на тоа што досега е направено со „Сподели“ и тоа што ќе се прави, како и идејната основа на проектот. Тоа не мора да се оствари и претставува еден од ризиците на проектот.

Методите со кои „Слободен софтвер Македонија“ ќе се служи за промоција на резултатите се докажани промотивни методи кои најразлични организации ги користат за да ја покажат својата работа. Овие методи имаат и свои ограничувања и не секогаш резултираат со планираното. Поставување на постерите е ограничено со простор каде истовремено стојат и други промотивни материјали па увидот во пораките кои сакаат да се испратат може да биде намален. Изборот на брошури наспроти летоци го надополнува недостатокот на постерот како медиум во тоа што форматот на брошурата е помалку тривијален и предизвикува поголемо внимание.

Ограниченоста на користење на веб сајт како промотивен метод може да претставува ниската интернет пенетрација на граѓаните. Според резултатите од истражувањето на за употреба на интернет и компјутери во Република Македонија од април 2007, направено од USAID[2] за проектот „Македонија се поврзува“, 32% од граѓаните се Интернет корисници. Оттука целната група претставува една третина од целокупната популација во Република Македонија, ова важи и за проектот кој сакаме да го промовираме, целните групи кон кои се обраќаме изнесуваат скоро 85% од интернет корисниците и оттука сепак ја формираат целната група од околу 700 000 граѓани само од Република Македонија, па затоа сметаме дека веб сајтот е оправдан метод..

IV. Буџет за проектот

ПРЕДЛОГ БУЏЕТ

Преглед на трошоците за проектот и барање на средства за финансирање преку грантот за промовирање резултати

Барање на средства од МИМ	239827 денари
Учество од апликантот – финансиски средства	26188 денари
Учество од апликантот – други (нефинансиски средства)	176070 денари
Вкупен буџет на предлог проектот	462785 денари
Процент на учество од апликантот:	43,7%

2 http://www.mkconnects.org.mk/new/docs/InternetPenetration2007-ReportMACFINAL.pdf

Наративен буџет

Вкупниот буџет за остварување на проектот изнесува 462785 денари. Од тие средства бараниот грант од МИМ изнасува 239827 денари додека „Слободен софтвер Македонија“ со финансиски и нефинансиски средства учествува со 202258 денари или приближно 44% од целокупниот буџет. Партнерите на „Слободен софтвер Македонија“ кои го помагаат остварувањето на „Сподели“ учествуваат со овозможување на простор за остварување на активностите или 20700 денари.

Вработени

Бидејќи во организацијата нема постојано вработени, буџетот предвидува хонорари. Од МИМ се бараат 40909 денари за координација што претставува бруто хонорар за 4 месеци утврден според обврските и одговорностите кои координаторот ќе ги има во спроведување на проектот и потребното време и труд за да се исполнат соодветно. „Слободен софтвер Македонија“ во подготовка на содржините за промоција на резултатите и активностите на „Сподели“ ќе вклучи волонтерска работа која според потребниот труд и времетраење на подготовката изнесува 16970 а организацијата го обезбедува како нефинансиска контрибуција. Ангажманот предвидува подготовка на иницијалната содржина за веб сајтот, целосна подготовка на содржината за брошурите и постерите.

Службен пат

Во рамките на секцијата „службен пат“ пресметани се и трошоците за дистрибуција поделени на патни трошоци во износ од 3000 денари. Овде се опфатени патните трошоци за дистрибуција низ Скопје но и до Битола и Тетово, во комбинација со поштенските трошоци од секција VI кои изнесуваат 950 (побарани од МИМ) и 1000 денари сопствени средства кои исто така ќе се потрошат за дистрибуција на промотивните материјали. Трошоците за патување се пресметувани според цените за гориво. Во оваа секција спаѓаат и трошоците за дневници за двајца членови на организацијата каде се пресметува ручек и надоместок за потрошеното време. „Слободен софтвер Македонија“ предвидува и сопствена финансиска контрибуција за волонтерите од заедницата кои ќе се вклучат во дистрибуцијата на промотивните материјали во износ од 6780 денари.

Материјали за работа

Во оваа секција „Слободен софтвер Македонија“ учествува во обезбедување на канцелариски материјали во износ од 1150 денари (нефинансиски средства) и материјали со кои ќе се обезбеди мерењето на успешноста на кампањата во износ од 2300 денари. Бидејќи во ова спаѓаат секојдневни канцелариски материјали и прибор, организацијата го обезбедува ова во рамките на нефинасиското учество а вредноста е пресметана врз база на просечните цени за хартија, пенкала, маркери и друг канцелариски материјал кој ќе се употребува во завршување на овие задачи.

Индиректни трошоци

Настаните поврзани со проектот „Сподели“ се одвиваат на „Факултетот за електроника и информациски технологии“ и културниот центар „Точка“. Овие организации и во наредниот период ќе го обезбедат ова па затоа учествуваат со 19200 денари нефинансиски трошоци. До оваа цена е дојдено со пресметување на просечна наемнина од 1200 денари за неделна сесија од два часа во текот на 16 недели.

За телефонските трошоци и интернет – услуги кои се неодминлив дел од завршувањето на задачате поврзани со промоција на „Сподели“, бараниот грант од МИМ е 5144 денари до кој е дојдено со калкулирање на трошоци за користење на интернет од Он.нет во период од 4 месеци. „Слободен софтвер Македонија“ ќе ги покрие телефонските трошоци во вредност од 3540 денари, а во нефинасиско учество е вкалкулирана и употребата на компјутери и принтери во вредност од 1150 денари каде е пресметана амортизацијата на компјутерите и трошоци поврзани со тонери.

Во оваа секција се додадени и трошоците за храна и освежување во вредност од 2000 денари а предвидено е да се потрошат за време на работилницата за новинари.

Поштенските трошоци се објаснети погоре во наративниот буџет како дел од трошоците за дистрибуција на материјали за промоција.

Специфични трошоци поврзани со проектот

Во секцијата „договори за услуги“ од МИМ се побарува грант од 24518 денари. Во ова се вклучени услуги на трети лица изведувачи кои ќе ги дизајнираат печатените материјали (постер 6818 денари и брошура 17700 денари). До оваа цена е дојдено врз база на увид во понудата на вакви услуги.

Бидејќи работилницата е активност која не е дел од стандардните активности на „Сподели“ ја одделивме од вредноста која културниот центар „Точка“ ја придонесува во остварување на проектот. Оттука, трошоците ги утврдивме на 1500 денари како нефинасиско учество на партнерот.

Под „публикации“ се утврдени трошоците за печатење на 200 колот постери во вредност од 24750 денари кои се побаруваат како грант од МИМ и финансиско учество на „Слободен софтвер Македонија“ во вредност од 14868 денари за печатење на 1000 колор брошури.

Како дополнение на печатените материјали, „Слободен софтвер Македонија“ во форма на нефинансиско учество ќе обезбеди дискови со слободен софтвер во вредност од 150000 денари кои ќе се делат бесплатно.

За потребите на работилницата, предвидени се хонорари за двајца предавачи во износ од 6818 денари кои се побаруваат како грант од МИМ.

За имплементација на веб сајт се предвидени 115000 денари а во тоа се пресметани графичкиот тематски дизајн и имплементација на сите опишани сервиси. До оваа цена е дојдено врз база на увид во понудата за ваква услуга на пазарот во Македонија. За хостирање на сајтот ќе се

погрижи „Слободен софтвер Македонија“ а вредноста на ова учество е проценето на 4500 денари (нефинансиски) врз база на увид во понудата за хостинг услуги.

Мерењето на успехот ќе се спроведува преку анкетирање, прес-клипинг, квантитативна анализа на содржина и финална анализа на добиените податоци. За ова се бара грант од МИМ во износ од 3410 денари за спроведување на анкетирањето, 3410 денари за пред-клипинг и анализа на содржина и 6818 денари за финална анализа на податоците. До овие вредности е дојдено врз база на увид во понудата на вакви услуги со водење на сметка на обемот на истражувањето и авторската вредност на анализите.